**20151494225**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за Државниот инспекторат за земјоделство,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 август 2015 година.

Бр. 08- 3899/1
26 август 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Член 1

Во Законот за Државниот инспекторат за земјоделство („Службен весник на Република Македонија“ број 20/2009, 53/11, 164/13, 43/14, 33/15 и 88/15), во членот 25 ставот 1 се менува и гласи:

„За одделни прекршоци кога тоа е определено со закон, инспекторот води постапка за порамнување и постапка за спогодување, согласно Законот за прекршоците."

Член 2

Во членот 26 ставот 5 се менува и гласи:

„Против одлуката на прекршочната комисија може да се поднесе жалба до Државна комисија за одлучување во втор степен од областа за инспекциски надзор и прекршочната постапка, согласно Законот за прекршоците."

По ставот 5 се додава нов став 6 кој гласи:

„Против одлуката за прекршок што ја донела Државна комисија за одлучување во втор степен од областа за инспекциски надзор и прекршочната постапка, може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд, согласно Законот за прекршоците."

Член 3

Членовите 29, 30, 31 и 32 се бришат.



www.pravdiko.mk

Член 4

Во членот 33 став 1 во воведната реченица зборовите: „3500 до “ се бришат.

Ставот 2 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршоците од ставот (1) на овој член. “

Член 5

Во членот 33-а став 1 зборовите: „до 1.500“ се бришат.

Ставот 2 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршоците од ставот 1 на овој член.“

Член 6

Во членот 33-б став 1 бројот „1.500“ се заменува со бројот: „500“

Ставот 2 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршоците од ставот (1) на овој член. “

Член 7

Во членот 33-в во ставот 1 зборовите: „7.500 до 10.000“ се заменуваат со бројот „100“. Во ставот 2 бројот „15.000“ се заменува со бројот „300“.

Член 8

Во членот 34-а во ставот 1 зборовите „500 до 800“ се заменуваат со зборовите: „200 до 400“.

Член 9

Во членот 34-б ставот 2 се брише.

Член 10

По членот 34-б се додава нов член 34-в, кој гласи:

„Член 34-в

Одмерувањето на висината на глобите на правните лица се врши согласно одредбите на Законот за прекршоците”.

Член 11

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.



www.pravdiko.mk